СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
-Здружение на угостителството и туризмот-
- Групација на спортски обложувалници -
Бр. 39-96/8
17.01.2018 година
С к о п ј е

Групацијата на спортски обложувалници при Здружението на угостителството и туризмот на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 17.01.2018 година, расправаше по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 05.01.2018 година, и при тоа го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. **Групацијата на спортски обложувалници не се согласува со предложените измени утврдени во член 6, член 8, член 10 и член 12 од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, кои гласат:**

„Член 6

Во член 40, во ставот (3), по алинејата 7, се додава нова алинеја 8 која гласи:

„изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека деловната просторија во која ќе се приредува томбола од затворен тип е оддалечена не помалку од 300 метри од основни и средни училишта."

Член 8

Во член 57, во ставот (3), по алинејата 7, се додава нова алинеја 8 која гласи:

„изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека казиното е оддалечено не помалку од 300 метри од основни и средни училишта."

Член 10

Во член 73, во ставот (3), по алинејата 6, се додава нова алинеја 7 која гласи:

„изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека обложувалницата во која се приредуваат игрите на среќа е оддалечена не помалку од 300 метри од основни и средни училишта."

Член 12

Во член 84, во ставот (2), точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „и изјава од одговорното лице дадена под материјална, морална и кривична одговорност дека уплатно-исплатното место е оддалечено не помалку од 300 метри од основни и средни училишта."

**Групацијата да достави до предлагачот на Законот - Министерството за финансии предлог за бришење на наведените измени, односно бришење на членовите 6, 8, 10 и 12 од Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, од следните причини:**

- Забраната за учество на малолетни лица, како и за влез во објектите кои приредуваат игри на среќа и за вршење уплата е регулирано во член 20 и член 157 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016), каде што изрично и со високи глоби за непочитувањето (и прекршочни санкции привремена забрана за вршење дејност и забрана за вршење должност) се дефинира „забранет влез за лица под 18 години" и дополнително, „забранета уплата на лица под 18 години". Приредувачите на игри на среќа постапуваат согласно Законот, односно на објектите (уплатно-исплатните места) за организирање посебни игри на среќа во обложувалница имаат поставено на видно

место на влезот налепница за забрана за влез на малолетни лица, а и на сите печатени материјали и промоции се нагласува забраната за уплата за малолетни лица. Дополнително, нивното учество во обложувањето е оневозможено од самите приредувачи, освен некои ретки случаи за кои членките на Групацијата се залагаат дека треба да се санкционираат.

Според тоа, прашањето за забрана за влез во обложувалниците и учество на малолетни лица во посебните игри на среќа е регулирано во постојниот Закон и се применува од страна на компаниите вршители на овие дејности.

- Воведување на минимално растојание од 300 метри на објектите од основните и средните училишта претставува ограничувачка мерка за обложувалниците, а истата нема дополнителен ефект по однос на дорегулирање на ова прашање, освен негативни импликации по бизнис-секторот, вработувањата и по буџетот.

Имено, предвиденото воведување на ограничување на постојните објекти (уплатно-исплатни места) кои работат на една иста локација со години, па и децении, ќе предизвика потреба од дислокации на објектите, а тоа ќе предизвика директна штета кон приредувачите кои имаат направено инвестиции во тие објекти во текот на изминатите години. Исто така, за објектите под закуп, со предвременото раскинување на договорите за закуп, приредувачите на игри на среќа ќе треба да ги надоместат штетите што ќе ги претрпат сопствениците на локалите.

Воедно, ограничувањето за постоење објект за игри на среќа на растојание не помало од 300 метри од училиште не би имало ефект, меѓу другото и затоа што лиценциран објект за игри на среќа може да биде лоциран во згради каде што живеат малолетни лица или во непосредна близина на објекти за домување каде што живеат малолетни лица.

Од друга страна, предложеното минимално растојание од 300 метри од средни и основни училишта е преголемо и неприменливо на терен, а особено што истото во Прелог-законот не е прецизно дефинирано. Во Скопје, на 300 метри радиус околу сите училиште колку што постојат, речиси и да не постои простор каде би смеел да се отвори објект за игри на среќа. Во помалите градови, оваа состојба уште повеќе доаѓа до израз, посебно што вообичаено образовните институции се наоѓаат во централното подрачје на самите градови, а кои се состојат од една главна улица и неколку споредни. Со вакво решение ќе отпаднат речиси сите уплатно-исплатни места во помалите градови низ РМ. Дури нема да има можност за приспособување кон предложените одредби и преку соодветни дислокации на уплатно-исплатни места, бидејќи не постојат услови на терен, а и сето тоа предизвикува големи финансиски импликации по приредувачите на игри на среќа.

Воедно, по однос на предложената оддалеченост од 300 метри, воопшто не е прецизно дефинирано растојанието и се остава на слободна волја и на инспекциските надзори и на приредувачите на игри на среќа. Конкретно, треба да се дефинира: „што претставува минимум 300 метри“. Дали најблизок пат, прооден сигурен пат, воздушна линија, од влезна врата на образовна институција, од дворот на училиштето или пропратни негови објекти итн. Напоменуваме дека постојат училишта кои располагаат со имот од преку 5.000 метри квадратни и големи училишни дворови. Едноставно, ако веќе се инсистира на вака предложено решение со воведување на минимално растојание (иако е непотребно и неприменливо како што е наведено погоре), истото би морало да се допрецизира и соодветно да се намали растојанието кое би било согласно реалната состојба во градовите во РМ.

Со оглед на наведеното и споредено со реалната ситуација на терен, оваа мерка ќе го преполови опстојувањето на постојните уплатно-исплатни места во РМ, што ќе има негативни последици по буџетските приходи од игри на среќа, кои значително ќе се намалат, повеќекратно: како по основ на ДДВ, така и по основ на 20% посебна давачка од игри на среќа, по основ на 3% дополнителна посебна давачка за Агенцијата за млади и спорт, по основ на данок на добивка и по основ на персонални

даноци наплатени од играчите од игри на среќа и од закуп на деловен простор. Конкретно, според податоците со кои располага Групацијата, во 2017 година, од обложувалниците во РМ се наплатени следните износи:

- по основ на персонален данок на доход од игри на среќа 900.000.000 денари;
- по основ на посебни давачки од игри на среќа 450.000.000 денари (20% плус 3%);
- по основ на ДДВ 90.000.000 денари;
- по основ на персонален данок на доход од плати и придонеси 40.000.000 денари;
- по основ на данок на добивка 20.000.000 денари;
- по основ на персонален данок на доход од наемнини и закуп на простор 10.000.000 денари.

- Предлог-решението предизвикува и нерамноправен третман на компаниите кои вршат дејност игри на среќа, со компаниите од другите услужни дејности и останати правни субјекти, со што се прекршува уставното начело за работа на еден дел на правни субјекти при еднаков пристап на пазарот, како и за сите други правни субјекти, за кои се воведуваат забрани кои не постојат за други правни субјекти, а кои имаат исто или слично ограничување. Имено, постои забрана за продажба и за точење алкохол и за продажба на цигари на малолетни лица. Забраните и ограничувањата на овие производи за малолетни лица се регулирани во посебни закони и за објектите во кои се продаваат не постои забрана за соодветна оддалеченост од училиштата. Според тоа, не е правилно да се ограничи лиценциран објект за игри на среќа во близина на образовна институција (покрај постојната забрана за малолетници во самиот Закон), а во исто време да нема ограничување и за останати правни субјекти кои продаваат производи забранети за малолетни лица.

II. **Предложените измени на член 76 од Законот се нејасни и непрецизни, поради што истите можат различно да се толкуваат, поради што Групацијата смета дека истите треба да бидат јасни и прецизно дефинирани, за да нема двосмисленост во нивната примена, особено во поглед на ограничувањето на уплатно – исплатни места на едно трговско друштво – приредувач на игри на среќа во обложувалници, да се регулира процедурата и да се предвидат разумни трошоци за зголемување на бројот на уплатно – исплатни места преку 50 (педесет) од страна на приредувачот на игри на среќа во обложувалници, на начин како што е веќе регулирано со став 3 од член 76 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.**

Имено, со член 11 од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа и забавни игри се предлага измени на член 76, став 1 и 2, од Законот, според кои приредувачите на игри на среќа во обложувалница, со цел обезбедување на исплата на добивките на учесниците во игите на среќа, за плаќање на јавните давачки пропишани со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со закон, имаат обврска да обезбедат депозит и банкарска гаранција во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 500.000 евра (наместо 300.000 евра како што е регулирано во важечкиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри) во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на депонирање, односно на денот на издавање на банкарската гаранција, при што приредувачот на игри на среќа во обложувалница може да организира игри на среќа во најмногу 50 (педесет) уплатно-исплатни места. Истовремено, се предлага бришење на став 3 од члена 76 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со што се укинува можноста приредувачите на игри на

среќа во обложувалници, врз основа на постоечката лиценца, да го зголемат бројот на уплатно-исплатни места на преку 50.

Од една страна, предложените решенија на член 76 можат да се толкуваат дека еден приредувач на игри на среќа во обложувалници може да има максимално 50 (педесет) уплатно – исплатни места, без право за отворање на дополнителни уплатно – исплатни места.

Доколку интенцијата на измените на член 76 е во оваа смисла, тоа значи дека приредувачите кои веќе имаат повеќе од 50 уплатно – исплатни места, истите ќе треба да ги затворат, што ќе предизвика негативни финансиски импликации врз нивното работење, а ќе има и негативни последици по вработувањето и буџетските приходи.

Од друга страна, измената на член 76 може да се толкува на тој начин што доколку приредувачот на игри на среќа во обложувалница сака да го зголеми бројот на уплатно – исплатни места преку 50 (педесет), мора да поднесе барање до Министерството за финансии за издавање на лиценца со приложување на целата потребна документација од член 73 од Законот, како и да плати нов надоместок за приредување на игри на среќа во обложувалници во износ од 105.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и да обезбеди дополнителен депозит или банкарска гаранција во износ од 500.000 евра. Тоа би значело, доколку приредувачот, на пример, има намера да приредува игри на среќа во обложувалница во повеќе од сто уплатно – исплатни места, ќе мора да поседува три лиценци, да обезбеди три депозити или три банкарски гаранции по 500.000 евра и три пати да плати надоместок за приредување на игри на среќа во обложувалници.

И во овој случај, имајќи ја во предвид економската неисплатливост за отворање на повеќе од 50 уплатно – исплатни места, приредувачите на игри на среќа ќе го ограничат бројот на своите уплатно – исплатни места на најмногу 50, што, исто така ќе предизвика негативни последици.

**Цениме дека несоодветните решенија на Предлог законот за изменување и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, доколку бидат усвоени, ќе поттикнат затворање на легалните приредувачи на игри на среќа во обложувалници, зголемување на нелојалната конкуренција и фискална евазија, а со тоа и зголемување на сивата економија.**

Претседател
на Групацијата на спортски обложувалници,
Васко Илијевски